http://ckrm.org.mk/obuka-za-prva-neodlozhna-pomosh-na-kadarot-vo-obrazovnite-ustanovi/?hilite=%27%D0%9A%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0%27%2C%27%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B3%D0%BE%D1%82%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%27%2C%27%D0%B8%27%2C%27%D0%B4%D0%B5%D1%98%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%27

**Проект**

**“Намалување на ризици од катастрофи во градинките и основните училишта во Гевгелија, Куманово и Скопје” поддржан од УНИЦЕФ**

Црвен крст на Република Македонија, во рамките на Програмата за подготвеност и дејствување при катастрофи, со финансиска поддршка на УНИЦЕФ, во ноември 2017 година, започна со реализација на проект чија цел е подготовка на образовниот кадар за дејствување во услови на природни катастрофи со цел намалување на ризиците со коишто може да се соочат градинките и основните училишта во Гевгелија, Куманово и Скопје”.

Во рамките на втората фаза од проектот, во организација на Општинските организации на Црвен крст Куманово, Гевгелија и Црвен крст на град Скопје, се спроведоа триобуки (во период мај/јуни) за прва неодложна помош наменети за претставници на 11 образовни институции коишто се поддржани со овој проект. На обуките присуствуваа вкупно **33 лица** кои преку интерактивни предавања и вежби ги совладаа животоспасувачките вештини. Учесниците на обуките се стекнаа со сертификати за завршена обука за прва помош во работниорганизации.